Арх.бр. УП1-15 981/2022

Дата 30-05-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Пробиштип, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште ) со моќност под 2 MW на КП 671, КО 672, КП 673/1 во КО Петршино, Општина Пробиштип.**

Површината на планскиот опфат изнесува 1,21 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y15822** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште ) со моќност под 2 MW, на КП 671, КО 672, КП 673/1, КО Петршино, Општина Пробиштип, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани ( фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на замјиште ) со моќност под 2 MW на КП 671, КО 672, КП 673/1, КО Петршино, Општина Пробиштип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.